# СООПШТЕНИЕ

Фондот за Здравствено Осигурување на Македонија сака да и соопшти на јавноста дека на денешната седница на УО на Фондот се донесе одлука за одредување на квоти за аптеките за следните три квартали за 2010 година по новиот транспарентен начин и критериуми од Правилникот за квоти за аптеките. Квотите ќе бидат објавени на web страницата на ФЗОМ www.fzo.org.mk во текот на денешниот ден и сите аптеки ќе бидат информирани за доделените износи.

Истовремено, Фондот укажува дека сите аптеки што доставиле комплетна документација заклучно со петок 26 март 2010 година ќе добијат договор кој што ќе важи од 01 април 2010 година.

За разлика од 2009та година кога договор со Фондот имаа склучено 424 аптеки (правни субјекти) односно 626 аптеки (работни единици) во 2010 година тој број изнесува 461 аптеки (правни субјекти) и 668 аптеки (работни единици), што значи поголема покриеност и подобро и поквалитетно снабдување со лекови на нашите осигуреници низ територијата на Република Македонија.